ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број: 10-3025/1
14-02-2023.2023 година
С к о п ј е

До
ПЗУ аптеки со договор со ФЗОРСМ

Копија до
Подрачните служби на ФЗО

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ за начинот на издавање на лекови на рецепт на товар на Фондот, во услови кога информатичкиот систем на Фондот не е во функција**

Почитувани,

На ден 06.02.2023 година настана прекин во работата на информацискиот систем на Фондот, поради што се појавија низа предизвици како за Фондот, така и за осигурените лица и за здравствените установи-аптеки кои имаат склучено договор со Фондот за обезбедување на осигурените лица со лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Во тој контекст, сакаме да Ве известиме дека Фондот ги презема сите мерки и активности за да обезбеди наскоро враќање во функција на информацискиот систем.

Во меѓувреме, ПЗУ аптеките со договор со Фондот непречено треба да вршат издавање на лекови на рецепт на товар на Фондот на осигурените лица и тоа на следниот начин:

1. **Издавање на лекови на рецепт на товар на Фондот**

Осигурените лица можат да подигнуваат лекови на рецепт на товар на Фондот во ПЗУ аптеките со договор со Фондот врз основа на пропишан рецепт (во електронска форма задолжително преку системот Мој термин и/или испечатена хартиена форма за лекови од групата наркотика и акутна терапија, како и до сега) и со задолжително приложување документ за лична идентификација (лична карта или пасош, на увид).

Осигурените лица за кои обврзникот за уплата на придонес редовно ја извршил уплатата на придонесот или уплатата ја извршил со задоцнување од најмногу до 60 дена, правата од задолжителното здравствено осигурување, вклучително и правото на лек на рецепт, може да ги користат на товар на средствата на Фондот.

2. **Проверка на платен придонес за здравствено осигурување заклучно со 05.02.2023 година**

Податоците за платен придонес во системот Мој термин се преземени од Фондот, заклучно со 05.02.2023 година. Овој податок, ПЗУ аптеката при издавање на лек на рецепт на товар на Фондот

на осигуреното лице, може да го провери во системот Мој термин. Доколку при извршената проверка за лицето се констатира дека имало активно осигурување заклучно со 05.02.2023 година, ПЗУ аптеката може да издаде лек на уреден и валиден рецепт.

ПЗУ аптеките не треба да вршат проверка на платен придонес за следните категории на осигуреници:

- пензионери - основ на осигурување 8,
- лица кои здравствено осигурување користат преку МТСП - основ на осигурување 10 и
- лица кои здравствено осигурување користат како невработени лица преку Министерство за здравство - основ на осигурување 99.1.

Основот на осигурување лицата од наведените категории ќе се проверува со увид во основот на осигурување на рецептниот образец (електронски пропишаниот рецепт преку системот Мој термин и/или испечатениот хартиен рецепт за наркотика и акутна терапија).

3. **Проверка на платен придонес за здравствено осигурување по 05.02.2023 година**

За сите осигурените лица за кои не е постои податок за платен придонес за здравствено осигурување во системот Мој термин по 05.02.2023 година, од страна на службени лица на Фондот ќе се врши проверка на платен придонес во УЈП.

Кога осигуреното лице ќе дојде во аптеката да подигне лек на рецепт на товар на Фондот потребно е вработен од фармацевтскиот кадар во аптеката да го провери основот на осигурување.

Во случај кога осигурено лице не потпаѓа во основите во точка 2 наведени погоре во ова известување (пензионери-основ на осигурување 8, лица кои здравствено осигурување користат преку МТСП-основ на осигурување 10 и лица кои здравствено осигурување користат како невработени лица преку Министерство за здравство-основ на осигурување 99.1), за нив потребно е да се преземат следните активности во аптеката:

- Да се земат податоци од осигуреното лице и негов телефонски број за контакт,
- Да се достави барање за проверка на платениот придонес за осигуреното лице на е-маил адреса на овластените службени лица наведени во соопштениeто на Фондот. (доставувањето на ова барање може да се врши секој работен ден). По вакво барање, службено лице на Фондот треба да ги достави на бараните податоци на е-маил на лицето кое ги побарало, и тоа: за лекови за акутна терапија и наркотика во текот на истиот работен или најдоцна до следниот работен ден, а за лекови за хронична терапија во рок до 3 работни дена.
- По добиен одговор од службеното лице на Фондот, вработено лице од фармацевтскиот кадар од аптеката телефонски треба да го информира осигуреното лице за да може да го подигне лекот на рецепт и тоа само во случај ако е добиена потврда од Фондот за платен придонес.

**Понатамошната обработка на рецептот, реализација на рецептот во системот Мој термин и издавањето на лекот, треба да се врши согласно прописите, упатствата и известувањата од Фондот, односно да се продолжи со досегашниот начин на работа.**

ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ова известување е од времен карактер и важи се до повторно воспоставување во функција на информацискиот систем на Фондот.

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**По Овластување бр. 04-2349/1 од**
**Me Autorizimin nr. 04-2349/1me datë 02.02.2023**
**Директор на Сектор за управување со човечки ресурси**
**Drejtor I Sektorit të menaxhimint të burimeve njerëzore**
**Fatime Idrizi**

Изготвил:
Ирена Барутоска
м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласен:
Сашо Станчески
Миле Сугарев
Јасмина Смилевска
м-р Кристина Христова